# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 2 Јули 2007 година<br>Службен гласник број 12<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ 100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп 756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1534/1
02.07.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.29 ст. 1 и 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во РМ (Сл. Весник на РМ бр.61/04 и 96/04) како и чл.33 ст.2 од Законот за Буџетите (Сл.Весник бр.79/93 ; 3/94 ; 71/96 ; 46/2000 ; 11/2001 ; 93/01 ; 46/02 ; 24/03 ; 85/93 и 96/04 ) и врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа и ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 26 ст.1 т.4 од Статутот на ЕЛС Прилеп ("Службен гласник на ЕЛС Прилеп бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на ЕЛС -Општина Прилеп на седницата одржана на 29.06.2007 година, донесе

***Измени и Дополненија на***
***Б У Џ Е Т О Т***
**на ЕЛС Прилеп за 2007 година**

**Член 1**

Со измените и дополнувањата Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2007 г. се состои од :

**Вкупни Приходи и тоа :**
**293.748.800,оо д.**
-Даночни приходи
104.100.000,оо д.
-Неданочни приходи
72.165.292,оо д.
- Трансфери и наменски дотации
117.483.508,оо д.

**-Вкупни расходи и тоа:**

**293.748.800,оо д.**
40-Плати,наемнини и надоместоци за вработените 56.624.700,оо д.
1-Резерви и недифинирани расходи
2.000.000,оо д.
42-Стоки и услуги 153.700.100,оо д.
46-Субвенции и трансфери
12.535.000,оо д.
47-Социјални бенефиции
330.000,оо д.
48-Капитални расходи
68.559.000,оо д.

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходите и расходите на ЕЛС -Општина Прилеп за 2007 година и тоа како што следува:

Во основниот дел на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за Буџетската 2007 г. се предлагаат следните измени :

Во Билансот на Приходите во категоријата 74-Трансфери донации во ставката 741-трансфери од други нивоа на власт проектираниот износ во Буџетот од 56.655.000,оо д. се реабаланасира (зголемува) за 2.500.000,оо д. за кој што износ се отвара нова Подставка 741 111-Тековни трансфери од други нивоа на власт во проектиран износ д 2.500.000,оо д. Средствата кои се предмет на ребалансирање се тековен трансфер од Министерството за култура на РМ за реализација на **Прилеп-Град на Културата за 2007 г.**

Со овие измени вкупните приходи на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп се проектирани на износ од 293.748.800,оо д.

Во Билансот на расходи на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп се предлагаат следните измени :

Во основниот дел на Буџетот во **Програмата К-Култура** се отвара нова **Подпрограма К4-Културни манифестации и творештво** , во проектиран износ од 2.500.000,оо д. односно во висина од обезбедените средства од Министерствата за Култура распределени по видови на трошоци на следните категории , ставки и подставки :

**Категорија -40 -Плати , наемнини и надоместоци 134.000,оо д.**

**Ставка-401-Плати , наемнини и надоместоци 134.000,оод.**

Подставка-401 520-Персонален данок од надоместок 134.000,оо д.

**-42-Стоки и услуги 2.366.000,оо д.**

**-421-Комунални услуги , комуникации и транспорт 131.000,оо д.**

-421440-Транспорт на луѓе 131.000,оо д.

**-423-Ситен инвентар и алат 135.000,оо д.**

-423990-Други материјали 135.000,оо д.

**-425-Договорни услуги 1.640.000,оо д.**

-425920-Услуги за печатење , копирање и издавање 290.000,оо д.

-425990-Други договорни услуги 1.350.000,оо д.

**-426-Други оперативни расходи 460.000,оо д.**

-426210-Расходи за репрезентација 430.000,оо д

-426990-Други оперативни расходи 30.000,оо д.

Со овие измени вкупните расходи на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп се проектирани на износ од 293.748.800,оо д.

Број 07 - 1527/2
02.07.2007 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НА УПРАВНА ЗГРАДА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА"– ПРИЛЕП**

1. Одлуката за отпочнување на постапка за изградба на управна зграда за потребите на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1534/2
02.07.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002) и член 26, став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005), а во врска со член 12 став 1 и член 13 став1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.51/2005),Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 29.06.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за отпочнување на постапка за изградба на Управна зграда за потребите на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп

Член 1
Со оваа Одлука се отпочнува постапка за изградба на Управна зграда за потребите на ЈКП "Водовод и каланизација" – Прилеп.

Член 2
Општина Прилеп врз основа на Имотен лист број 3676 за КО Прилеп издаден од ДЗГР – Одделение за премер и катастар – Прилеп е сопственик на објекти заведени под КП бр. 15435 за КО Прилеп.

Член 3
Општина Прилеп како носител на правото на градење, на местото на објектите на парцелата КП бр. 15435 за КО Прилеп, сопственост на Општина Прилеп, ќе изгради Управна зграда за потребите на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп.

Член 4
По изградбата на објектот – Управната зграда, Општина Прилеп со Одлука ќе го пренесе објектот на користење на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп.

Член 5
Се овластува Градоначалникот, во име на Општина Прилеп како носител на правото на градење, да ги превземе сите потребни дејствија за реализација на оваа Одлука.

Член 6
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 1527/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА ПИВО И СКАРА "ПИВО ФЕСТ"**

1. Одлуката за определување на локалитетот за организирање на Фестивалот за пиво и скара "Пиво фест", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1534/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.36,ст.1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), чл.26 ст.1,т.46 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03 и 4/05),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 29.06.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за определување на локалитетот за организирање на Фестивалот за пиво и скара "Пиво фест"**

Член 1
Манифестацијата "ПИВО ФЕСТ" ќе се одржи на локалитет со следните граници:
**-од север-** тротоар на Булевар "Маршал Тито";
**-од исток-** крстосница пред Градска кафеана;
**-од југ-** тротоар на булевар "Маршал Тито";
**-од запад-** крстосница на Булевар "Маршал Тито" со ул."Кузман Јосифоски";
Се забранува поставување на бина и било какви угостителски штандови во парковските површини, кои гравитираат на определените граници.
Се забрануваат градежни зафати, па макар и од монтажно-демонтажен карактер н а летната сцена (пред споменикот на Александар Македонски).
Паркинг простор за ПИВО ФЕСТ е просторот од Булевар "Маршал Тито" со пресекот на ул."Кузман Јосифоски" до ул."Димо Наредникот".
Се задолжува организаторот на фестивалот да постави санитарни

чворови (кабини) на локацијата позади салата на Домот на АРМ.

Член 2

Пред добивање на Одобрението за начинот на користење на просторот, организаторот е должен да прибави согласност од "Електродистрибуција" Прилеп, ЈКП"Водовод и канализација"-Прилеп, ЈКП"Комуналец"-Прилеп, МВР-Сектор за сообраќај, Територијална ПП Единица -Прилеп, ПТТ-Прилеп и други служби кои ќе го опслужуваат фестивалот.

Обезбедувањето и безбедноста на фестивалот е обврска на организаторот.

Член 3

Се овластува Градоначалникот да склучи посебен договор со организаторот на фестивалот, со кој поблиску ќе ги регулира: начинот и условите за користење на просторот, времетраењето, цената за користење на просторот и други прашања кои не се регулирани со оваа одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1527/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.07.2007 год. на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ПРИ ПРОМЕТОТ**

1. Решението за разрешување и именување членови на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1534/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.07.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласни на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.06.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот

1. Се разрешуваат членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, именувани со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1/2006 и 6/2006).

2. За членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, се именуваат:
- Тасески Орданчодипл.екоомист;
-Данчевска Билјана, дипл, економист;
-Велески Љубчо, дипл. град. инженер.

3. Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1527/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за формирање на сили за заштита и спасување во Локалната самоуправа во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1534/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 94, став 4 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија” бр.36/04 и 49/04), член 22 став 1 точка 10, член 32 став 1, член 36 став 1 точка 15 и чл 62 од Законот за локална самоуправа (”Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002) , Советот на локалната самоуправа на Општината Прилеп на седницата одржана на ден 29.06.2007 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
за формирање на силите за заштита и спасување во локалната самоуправа на Општината Прилеп

Член 1
Со оваа Одлука се формираат силите за заштита и спасување во Локалната самоуправа на Општината Прилеп.

Член 2
За заштита и спасување на населението и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна, во локалната самоупрва на Општината Прилеп се формира следната единица:

**Универзална единица за заштита и спасување.**

Член 3
За раководење со силите за заштита и спасување во локалната самоуправа на Општината Прилеп се формира “Општински штаб за заштита и спасување”.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1527/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП,ДЕЛ ОД УРБАНИ ЕДИНИЦИ: 11, 12 И 17, СО ПОВРШИНА ОД 65,24 ХА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на измени и дополнувања на гуп на град прилеп, дел од урбани единици: 11, 12 и 17, со површина од 65,24 ха во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1534/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 29.06.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на измени и дополнувања на ГУП на град Прилеп,дел од Урбани единици 11,12, и 17 ,со површина од 65,24ха. Општина Прилеп

**Чл.1**
**Се донесуваат измени и дополнувања на Генералниот урбанистички план на град Прилеп,дел од Урбани единици 11,12 и 17,со површина на планскиот опфат од 65,24ха.,во Општина Прилеп,** (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од северозапад осовината на улицата “Јоска Јорданоски”,од југозапад осовината на ул.”Јоска Јорданоски и ул.”Славеј Планина”,од југоисток северозападната страна на регионалниот план Прилеп-Градско,ја сече ул.”Моша Пијаде”,продолжува на североисток по северозападната страна на на регионалниот пат Прилеп-Градско и од север по постојната граница на постојниот Генерален урбанистички план на град Прилеп.,односно вака определениот плански опфат е со површина од 65,24 хектари.

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**-Извод од Програмата** каде што е предвидено да се изработува планот-Програма за донесување на Урбанистички планови за 2006год. на територијата на Општина Прилеп.

**-Елаборат за услови за планирање** на просторот со техн.бр.08406-изготвен од Агенција за планирање на просторот-Скопје

**-Решение за услови за планирање** на просторо бр.15-2128/4 од Министерство за животна средина и просторно планирање –Скопје.

**-Нацрт План** изработен од од АД ” ЗУАС ” од Скопје со техн.бр.1547/2007 од Мај 2007 год;

**-Извештај за извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изготвена од ”Ин-Пума”Скопје, од Мај 2007год.

**-Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија** од изготвувачот од планот АД “ЗУАС “од Скопје.

-**Стручно мислење од Министерството за транспорт** и врски -бр.16-6923/2 од 01.06.2007 год.-Сектор за уредување на просторот-Скопје ;

**-Извештај за постапување по забелешките од Стручното мислење,** од Јуни 2007год.,изработен од израб. на планот А.Д.”ЗУАС” од Скопје .

**-Одлука за за утврдување на Нацрт планот** за измени и дополнувања на ГУП ,бр.07-1345/7 од 04.06.2007год;

**-Одлука за организирање на стручна расправа по** Нацрт планот измени и дополнувања на ГУП на град Прилеп ,бр.09-1085/7 од 06.06.2007г.

**-Извештај од Стручната расправа по Нацрт планот за измени и дополнувања на ГУП,дел од Урбани единици 11,12 и 17,**бр.09-1085/12 од 12.06.2007год.

**-Известување за постапување по извештајот** бр.09-1085/12 од 22.06.2007год.

**-Согласност од Министерството за транспорт и врски** на Предлог План –измени и дополнувања на ГУП,дел од Урбани единици бр.11,12 и 17- Општина Прилеп, бр.16-8140 од 26.06.2007год.-издадена од МТВ-Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**-Комплетен примерок од Предлог План-измени и дополнувањана ГУП на град Прилеп,дел од Урбани единици бр.11,12 и 17 ,**изработен од А.Д. ”ЗУАС ” од Скопје, од Јуни 2007 год. кој содржи:

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

-Текстуален дел

-Графички прилози

1.Извод од ГУП на град Прилеп за период од 2001 до 2011год.

- намена на површини
- поделба на урбани блокови

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.Текстуален дел**

-во кој се наведени 10 поважни параметри

**.Графички прилози**

-Синтезен план-План на нам.на земјиштето и Регулац.М=1:5000

- Синтезен план-Сообраќаен план М= 1:5000

-Инфраструктуренплан–локацијанатрафостаници М=1:5000

-Инфраструктурен план – хидротехничка инфраструк. М=1:5000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од **8(осум)** дена од денот на донесувањето, **во 7(седум)** примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува

до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јСтручната расправа , со образложение за за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 1527/9 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.07.2007 год. — на Советот на општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

***С О Д Р Ж И Н А***
*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 12 од 02.07.2007 година*

1. Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година. ....................................................................................**Стр. 1**

2. Одлуката за отпочнување на постапка за изградба на управна зграда за потребите на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп. ........................................................................................**Стр. 3**

3. Одлуката за определување на локалитетот за организирање на Фестивалот за пиво и скара “Пиво фест”. ...................................**Стр. 3**

4. Решението за разрешување и именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот. .........................................................................**Стр. 4**

5. Одлуката за формирање на сили за заштита и спасување во Локалната самоуправа во Општина Прилеп. ...................................**Стр. 5**

6. Одлуката за донесување на измени и дополнувања на ГУП на град Прилеп, дел од урбани единици: 11, 12 и 17, со површина од 65,24 ха во Општина Прилеп. ....................................................................**Стр. 5**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.